

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

## НОЕМВРИ 2024

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Овој ноември беше определен од претседателските избори во САД, при кои победата на Трамп предизвика одредени движења на пазарите на капитал. Протекционистичките политики предложени од Трамп може да донесат промени од економска и геополитичка гледна точка, создавајќи дополнителни пречки за веќе забавениот раст во Европа, но и во Кина која сепак може да ги ублажи ризиците преку стратешки фискални и монетарни мерки. Глобалниот индекс MSCI ACWI во изминатиот месец оствари раст од 3,63%, а од почетокот на годината бележи принос од 18,64%. Регионалните акциски индекси покажаа мешан перформанс. Американскиот индекс S&P 500 оствари највисок принос изнесувајќи 5,73% и највисок од почетокот на годината со 26,47%. Од друга страна, најголем пад забележаа акциите од брзорастечките економии прикажани во индексот MSCI Emerging Market кој изнесуваше 3,66% во текот на месецот и послаб принос од почетокот на годината споредено со останатите од 5,36%.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 оствари висок раст овој ноември од 5,66% и се карактеризара со значителен принос од почетокот на годината кој достигна 48,94%. Од компаниите кои се дел од индексот, највисок принос оствари Македонијатурист изнесувајќи 16,70%, а потоа следи Алкалоид со 13,62%. На негативната страна завршија акциите на ТТК Банка која оствари најголем пад кој изнесуваше 7,39%. Следејќи од почетокот на 2024 година, со најголем раст од 89,56% повторно се издвојува Македонијатурист, заедно со акциите на големите банки кои го предводат индексот. Со најнизок и едноцифрен раст тука е Македонски Телеком чија вредност на акциите е порасната за 4,24% за овој период.




*Извор: Блумберг*



Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ



На пазарот на обврзници во ноември имаше намалување на приносите, кое повеќе е забележано кај еврообврзниците, одразувајќи ги очекувањата на инвеститорите за постабилна економија во периодот кој следи. Централните банки сепак остануваат претпазливи во однос на монетарните политики. Сепак, на крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница кој изнесува 4,97%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,25%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**
*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028.**




*Извор: Блумберг*



Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



На девизниот пазар, поголемиот дел од светските валути оствариja раст во однос на еврото (EUR) изминатиов месец. Од нив, јапонскиот јен (JPY) се издвојува со 4,47%. Повторно пораст оствари и американскиот долар (USD), кој заедно со британската фунта (GBP) имаат најголем пораст од почетокот на годината изнесувајќи 4,37% и 4,36%, соодветно. Спротивно од нив, руската рубља (RUB) го заврши месецот со нов пад споредено со еврото кој овој месец беше 5,32% и од почетокот на годината достигна пониска вредност за 12,75%.

## Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




Ноември
Јан - Ное

*Извор: Блумберг*

Лектор: Каролина Накова

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk